*Не се случило само она што не било во весниците*

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 150

Април 2025 г.

цена 20 денари,

## Браната Отиња ќе се полни за 8 месеци



Ангела Шишкин

Quehenberger logistics

AKTIVA

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА

Авто сервис Рибата






*Со Трајан Ангелов, човек кој со својот тим и блиски соработници ја создаде една од најголемите логистички компании во Македонија*

## Приказна за еден успех: Квенбергер Македонија, посакуван логистички партнер на голем број компании од разни индустрии




## Системот се промени, а се променија и гостите на Штип





*Весна Кожинкова Карагунова, претседателка на Советот на Општина Штип*

## Мнозинството во Советот и градоначалникот треба да бидат од иста партија за доброто на локалната заедница...



## Новото ниво на градот и општината

**Штипски Глас:**

- 150 броја
- 3.600 страници
- 3.150 текстови за Штип
- Влог од 68.250 евра во весникот
- Историјата на градот за вечни времиња

Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

Иван Бојаџиски



# 150 броја, 3.600 страници и 3.150 текстови за Штип оставени за сите времиња во националните библиотеки

Со овој број Штипски Глас слави еден значаен јубилеј. Имено, ова е 150 број на весникот. Во сите досегашни броеви се отпечатени 3.600 страници, а во Националните библиотеки во Штип и Скопје се оставени 3.150 текстови за нашиот град и нашата општина.

За ова богатство од информации кои за стотици години потоа ќе останат можеби и единствените сведоци на нашето постоење како локална заедница на близу 50.000 жители, за печатарски услуги сме платиле 53.250 евра (3.300.000 денари) и за компјутерска подготовка дополнителни 15.000 евра, или се заедно сумата инвестирана во весникот кој сега го држете в раце да може да излегува изнесува 68.250 евра. Весникот немаше да го има ако не беше нашето стопанство, односно неколку компании кои финансиски го поддржуваа и го подржуваат како и Општина Штип која се придружи со скромни пари. Притоа, имаме морална одговорност нашата најголема благодарност да ја упатиме кон компанијата Актива доо, и нејзиниот лидер Иле Николов, со кого, во 1999 година, го покренавме овој проект кој, како што можете и сами да заклучите, трае цели 26 години.

Неретко, кога го разнесуваме весникот до нашите читатели, слушам (и) мислења од типот „Што се мачиш да правиш весник кога денес сите информации ги имаме во миг на порталите и на социјалните мрежи". Мојот одговор е дека е тоа една голема заблуда, дека во ова информатичко време најголем дел од порталите само ќе ја начнат но никогаш нема да ја доработат темата на начин работите да ви станат повеќе јасни за сите заедно да направиме подобра општествена клима и попросперитетно општество за секој од нас.

Штипски Глас, во годините на своето постоење, преку интервјуа со личности кои имаа што да кажат, коментари и анализи на актуелни ситуации, теми од стопанството, простор за културата, спортот, хуморот, карикатурата и сатирата, колумните на Трајче Кацаров пред се кој е наш колумнист во преку сто броеви на весникот, потоа на Роберт Аџипетров, Даница Фичорска, професорите на УГД Страшко Стојановски и Трајче Стојанов, Христина Серафимова, новинарите Игор Стојанов, Тони Михаилов и Благој Серсемов се промовира во единствен печатен медиум-светилник во инаку се повеќе мрачното медиумско семејство во нашата татковина. Нивниот придонес за квалитетот на нашиот медиумски производ е немерлив како за нашата заедница исто така и за целата наша држава, а тој придонес ќе им користи и на генерации истражувачи на штипските прилики и неприлики и по триесет, педест, сто и повеќе години зашто Штипски Глас како хроничар на една епоха ќе можат да го најдат во националните библиотеки.

Како главен уредник и човек кој го покрена и деноноќно бдее над судбината на весникот, на горе спомнатите колумнисти им се заблагодарувам со најдлабока почит за нивниот придонес Штипски Глас да не згасне, а Штип да биде единствениот град со свој печатен медиум на просторот од Источна, Југоисточна и Североисточна Македонија.

Во исто време ви се заблагодаруваме и вам, почитувани наши читатели на довербата и љубовта која ја искажувате кон весникот, зашто нема подобро нешто што ни потврдува дека весникот му е потребен на градот од вашето „Излезе ли Штипски Глас и кога ќе го добиеме" која реченица ја слушаме од многумина во датумите околу секој први во месецот. Вашиот интерес за медиумот само ни ја зголемува храброста да продолжиме на зацртаниот курс Штип да биде меѓу трите градови во Македонија (дригите се Прилеп и Битола) кои имаат свој весник.

Ние само се надеваме дека финансиската поддршка и во иднина нема да изостане, зашто весникот не го правиме со цел да заработиме туку од пуста љубов кон новинарството и решеноста после Брегалнички Глас, Солиданост, и Штипски Весник градот да не ни остане без печатен медиум.

Ви благодариме на довербата на сите кои го поддржувате, го сакате и го читате весникот.

***За ова богатство од информации кои за стотици години потоа ќе останат единствените сведоци на нашето постоење како локална заедница на близу 50.000 жители, за печатарски услуги сме платиле 53.250 евра (3.300.000 денари) и за компјутерска подготовка дополнителни 15.000 евра, или се заедно сумата инвестирана во весникот кој сега го држете в раце да може да излегува изнесува 68.250 евра. Ние тоа не го сметаме за трошок туку за инвестиција од круцијално значење за севкупната историја на градот.***

# Ќе се најде ли решение за проблемот со сегрегацијата во училиштето „Гоце Делчев“?

Реонизацијата на основните училишта е законска обрска. Овој процес значи дека основачот на училиштето, а тоа е општината, го утврдува реонот на основните училишта од кој во училиштето се запишуваат децата во прво одделение. На тој начин се спречува и надминува физичкото одделување на децата по етничка припадност.



Но, повеќе години Штип има голем проблем во оваа насока.

Проблемот е со училиштето „Гоце Делчев“. Познат е фактот дека пред две години група граѓани (87), родители на деца од ромската етничка заедница поднесоа тужба до Европскиот суд за човекови права во познатиот случај „Елмазова и другите против Северна Македонија“. И родители од ромската етничка заедница во Битола тужеа по истиот основ во истиот европски суд. Македонија беше тужена за сегрегација кон ромските деца. Во случајов тужбата на штипските роми беше за учебната 2017/2018 и 2018/2019 година кога во училиштето биле формирани три паралелки со ученици во прво одделение  од кои две биле со мешан состав а една паралелка била само со деца од ромска националност. Европскиот суд пресуди дека имало сегрегација, а Македонија мораше да плати обештетување на тужителите и ја обврза државата да превземе мерки и да го реши случајот.

-Последната реонизација во Штип е донесена во месец паприл, годинава. Причините за промената на реонизацијата произлегоа од потребата да се превземе нешто во врска со појавата на констатираната сегрегација на учениците по етничка основа во ООУ „Гоце Делчев“. По добивањето на пресудата на ниво на општината беше формирана работна група за решавање на проблемот со сегрегацијата. Притоа, донесен е и акциски план за решавање на сегрегацијата и решение за нова реонизација, вели Снежана Санева, раководител на одделението за образование и локален економски развој во Општина Штип.

Но, очекуваните промени во насока на решавање на проблемот не се остварија. Односно, се повторуваше практиката која веќе беше востановена.

Но, во што суштински е проблемот? Тој лежи во фактот дека приличен број родители – македонци не сакаат нивните деца да учат во ова училиште (што значи дека не сакаат нивните деца да учат заедно со децата од ромската националност) па изнаоѓаат мал милион начини да ја изиграат реонизацијата и своите деца да ги запишат во прво одделение во некое од другите основни училишта во Штип. На таков начин се создаде ситуација во ООУ „Гоце Делчев“ 60 проценти од учениците да се од ромска националност а 40 проценти од македонска. Без оглед на фактот дека во општината 77,46 проценти од жителите се македонци, а 5,13 проценти се роми, и без оглед на фактот дека во реонот во кој е спомнатото училиште е најголемата концентрација на ромски семејства.

Статистика која општината ја има за ООУ „Гоце Делчев“ говори дека во изминативе години процентот на ученици од ромската етничка заедница од година во година расте. Па така, ако во учебната 2022/23 година процентот на ученици роми во ова училиште бил 58,02 проценти, во тековната учебна година тој процент изнесува 62,10 проценти. На ниво на општина вкупниот број на ромски деца запишани во основните училишта е 15,1 процент.

-Родителите македонци покрај барањата за запишување  на нивните деца во друго училиште одеа до таму што дури ја менуваа адресата на живеење за да го избегнат запишувањето во ООУ „Гоце Делчев“. Оние пак родители кои децата ги запишале во ова училиште постојано бараат нивното дете да  учи во паралелка во која доминираат Македонцит, вели Санева. На последната седница Советот на Општина Штип го прифати предлогот за нова реонизација со цел да се реши овој горлив проблем со сегрегацијата која Штип ја има во ООУ „Г.Делчев“.

-Ова не е случај само во нашата држава. Со сличен проблем се среќава и Хрватска која е членка на ЕУ. Во областа Меѓумурје ученици роми ја тужеа државата до ЕСЧП но не за сегрегација туку за сторена дискриминација  бидејќи на децата од оваа етнничка заедница немале дополнително изучување на нивниот јазик тнр. „Бајашки јазик“, вели Санева.

Како Штип ќе го реши овој болен проблем, останува да покаже времето.

***Весна Кожинкова Карагунова, претседателка на Советот на Општина Штип***

# Мнозинството во Советот и градоначалникот треба да бидат од иста партија за доброто на локалната заедница...

**... Во спротивно, седниците на Советот ќе се претворат во арена на политички препукувања кои нема да донесат ништо добро за граѓаните, вели првата меѓу еднаквите во локалниот штипски парламент.**



*Весна Кожинкова Карагунова*

Весна Кожинкова, е една од ретките жени кои ја обавувале високата политичка функција-претседател(ка) на Советото на Општина Штип. И поради тоа, на пет месеци пред истекот на мандот на овој советнички состав, на Кожинкова Карагунова, во интервјуто за Штипски Глас, и го поставуваме прашањето за тоа како таа го толкува фактот дека е жена избрана да го води локалниот штипски парламент во градот и општината кој е политички, образовен, културен, спортски, економски и секаков друг центар во регионот и државата.

Жената е столбот на општеството и семејството. Таа е сопруга, мајка, работничка, а во последно време сè почесто и политичарка. Лично сметам дека во последните години присуството на жените во политиката е подигнато на едно многу повисоко ниво, но сепак тоа не е доволно. Сè додека говориме во проценти колку таа треба да биде застапена, ние во исто време потврдуваме дека општеството во кое живееме сè уште на жената гледа со сомнеж дека би била квалитетна и во областите кои доминантно се третираат како машки. Кога пред четири години мојата партија ВМРО ДПМНЕ и тогаш новоизбраниот градоначалник Иван Јорданов ми ја дадоа довербата јас да бидам на чело на Советот, тоа за мене беше предизвик. Не затоа што јас сум жена, туку затоа што тоа за мене беше еден нов момент со оглед на тоа што целиот свој работен век го остварувам во друга област. Штипската јавност мене добро ме познава како долгодишен професор по македонски јазик и литература, прво во основното, па потоа во средното образование, а од пред неколку години, со оглед на академското звања со кое се стекнав, и како насловен вонреден професор на Филолошкиот факултет на УГД. На функцијата претседател на Совет на Општина Штип не гледав, ниту гледам како на привилегија, туку како укажана доверба на која треба да одговорам најдобро што можам.

✧ **Како претседателка на Советот на општина Штип Ваша обврска е да ги свикувате и да раководите со седниците на Советот на општината, да ги потпишувате прописите кои ги донел советот и најдоцна до три дена од денот на нивното донесување да ги доставитѕе до градоначалникот. Колку Вие лично се придружувавте до оваа ваша обврска и дали, во определени случаи од некои околности сте биле спречувани да постапувате согласно законот?**

-Советот на Општина Штип работи според Деловник за работа. Моја законска должност е да го почитувам во секоја етапа од работата. Според него, моја обвраска е да ги потпишам одлуките најдоцна три дена од нивното донесување за да овозможам тие одлуки понатаму да се процесираат. Не можам да се сетам дали воопшто некогаш сум го надминала законски предвидениот рок, но многу често одлуките се потпишани и пред тој рок.

✧ **Соработката помеѓу првиот човек на Советот и градоначалникот е од круцијално значење за квалитетната работа на локалната власт во корист на заедницата. Би ве прашале за тоа каква е Вашата соработка со градоначалникот Јорданов и дали (и) Вашиот став е дека за секоја општина најполезно е и градоначалникот и мнозинството во Советот да се од иста политичка партија или...**

Соработката меѓу градоначалникот и претседателот на Совет како први луѓе на двете институции е од исклучителна важност за доброто функционирање на локалната власт. Во спротивно нема да бидат донесени квалитетни одлуки и нема да бидат реализирани проектите за кои се имаме обврзано пред граѓаните. Соработката меѓу претседателот на Советот и градоначалникот во овој мандат беше и е беспрекорна со заемно разбирање и меѓусебно почитување, за што сведочат и сите реализирани проекти. Во таа насока, да одговорам на вториот дел од Вашето прашање, мојот личен став е дека мнозинството во Советот и градоначалникот треба да бидат од иста партија. Во спротивно, седниците на Советот ќе се претворат во

арена на политички препукувања кои нема да донесат ништо добро за граѓаните и за подобрување на нивното живеење во нашиот град. Фукционирањето на Советот во изминатиот период мислам дека ќе остане запаметено како пример за одлична кохабитација.

✧ **Законот го утврдил Советот како претставнички орган на граѓаните кој одлучува во рамките на надлежностите на општината. Познато е дека членовите на советот ги претставуваат граѓаните и во Советот одлучуваат по свое уверување. Прашањето ми е, на база на Вашето искуство како прва личност меѓу еднаквите во Советот, дали членовите на Советот навистина ги претставуваат граѓаните и одлучуваат по свое уверување или се само преносители на идеите на својата партија...**

Советникот како институција се бира на непосредни избори на кои граѓаните врз основа на своето политичко убедување и врз основа на предизборните програми на политичките партии одлучуваат кому да го дадат својот глас. На последните избори во 2021 година како што е познато огромното мнозинство на граѓани на општина Штип својот глас го дадоа за советничката листа на ВМРО ДПМНЕ. Во таа предизборна програма ја препознаа својата сопствена визија за градот во кој живеат. На тој начин тие им дадоа кредибилитет на советниците да ги застапуваат нивните интереси и тоа тие беспоштедно го прават. Големата доверба е истовремено и голема обврска. Постојаните контакти со граѓаните и одговарање на сите нивни потреби и барања е обврска за сите советници. Не можам да говорам за тоа дали советниците од другите партии кои партиципираат во Советот гласат по сопствено убедување или ги застапуваат интересите на своите партии, иако лично сметам дека е второто со оглед на нивните настапи на седниците на Советот и гласањето против или воздржано за одлуки за кои интимно се свесни дека се во интерес на локалната заедница.

✧ **Погорното прашање е важно бидејќи советниците, на конститутивната седница полагаат заклетва со која се обврзуваат дека правата и должностите како член на Советот ќе ги вршат совесно и дека при нивното вршење ќе го почитуваат Уставот, законот и прописите на Советот и дека ќе го штитат уставниот поредок на Република Северна Македонија. Цените ли дека советниците беа на висина на обврските превземени со давањето заклетва?**

Уставот и законите кои ги пропишува важечката регулатива е обврска на советниците. Изминатиот период покажа дека советниците беа на ниво на заклетвата која ја положија во моментот на прием на Решението за избран советник.

✧ **Има Општински Совети во Македонија кои се соочуваат со криза на обезбедувањето кворум за работа. Дали нашиот совет во овие речиси 4 години работа, имаше таков проблем или фактот дека владеачката ВМРО ДПМНЕ има сериозно мнозинство во Советот до таква криза никогаш не е дојдено**?

Советниците, како што претходно напоменав, беа на висина на задачата. Ниту една седница не беше одложена. Ниту една седница не беше прекината поради недостаток на кворум. Редовното присуство на седниците на Советот, како и на седниците на постојаните комисии на Советот овозможија непречено функционирање на Советот. Ја користам приликата јавно да им заблагодарам на советниците за нивната посветеност.

✧ **Опозицијата се жали дека буквално ниту еден нивни предлог макар колку да е тој добар и од важност за нашата локална заедница во овие 4 години не е прифатен од советничкото мнозинство. Дали кај нас, во локалната политика, егзистира правилото „Нам народот ни ја довери власта, ние ќе кажуваме и одлучуваме за тоа што е добро, а што не е добро за општината“?**

***Соработката меѓу претседателот на Советот и градоначалникот во овој мандат беше и е беспрекорна со заемно разбирање и меѓусебно почитување, за што сведочат и сите реализирани проекти.***

На секоја седница на Советот сите советници имаат право да поднесат иницијативи и да дадат предлози. Сите тие треба да бидат правно издржани преку соодветна форма и треба да им бидат дадени на увид на советниците. Тоа право го имаат сите советници. Тие предлози или иницијативи се ставаат на гласање и гласањето одлучува дали ќе бидат прифатени или не. Не се согласувам со ставот на опозицијата дека сите нивни предлози и иницијативи се отфрлени. Советничкото мнозинство, кое Вие повеќепати го споменувате, гласа по свое убедување за секоја иницијатива или предлог. Прашањето зошто не биле прифатени некои иницијативи треба да ги упатите до советниците.

✧ **Според Вашата анализа, колку овој советнички состав на кој мандатот му истекува во месец ноември, годинава, како наш локален парламент, носеше одлуќи од значење за општината, и ако можете да наброите барем три до пет од најважните одлуки кои овој советнички состав ги има донесено (ова не мора ако Вие мислите така).**

Според информациите кои ги имам, овој советнички состав ќе остане запаметен како еден од најпродуктивните во однос на донесените одлуки. Освен одлуките со кои се реализираа голем број на проекти, овој советнички состав донесе Правилник за наградување на учениците во основното и средното образование, Правилник за поддршка на спортските клубови со што поддржувањето на образованието и спортот стана транспарентно. Во однос на донесените одлуки за капиталните проекти може да се споменат изградбата на булеварот Партизанска, Мега паркот и неуморно работиме на замена на дотрајаната водоводна мрежа за да обезбедиме непречено снабдување на граѓаните со вода, а која од преходната власт беше занемарена и ја затекнавме во катастрофална состојба.

# За вода не плаќаат граѓани, правни лица, институции...

Кога ќе дојде до прекин на водоснабдувањето поради некаков дефект на мрежата, во јавноста веднаш се крева паника со прашања „па што работат овие во ЈП Исар“. Таков вокабулар сигурно користат дури и оние кои се нередовни подмирувачи на сметките за потрошена вода. А јавноста треба да знае дека граѓани, стопански организации па и државни институции на јавното претпријатие му должат нешто над 161 милиони денари, или 2.630.340,оо евра. Тоа, секако, се многу пари со кои најголемото јавно претпријатие во општината би можело да сервисира голем дел потреби од значење за своето подобро функционирање кое секогаш е во интерес на граѓаните.

-Во Штип имаме совесни граѓани, правни лица, државни институции кои редовно ги подмируваат своите сметки кон јавното претпријатие, но не е занемарлив ниту делот на оние кои редовно не ги подмируваат своите финансиски обврски поради што ние сме присилени да превземаме законски мерки за нивна наплата, вели в,д директорот Александар Арсовски.

-Износот на редовни ненаплатени сметки од физички лица е во висина од 26,7 милиони денари, а за каква сума се работи може да се осознае ако се има во предвид податокот дека јавното претпријатие месечно просечно, кон физичките лица, фактурира сметки во висина од 15 милиони денари. Во исто време тужени ненаплатени побарувања од физички лица се во висина од 97.109.578,00 денари, потенцира Арсовски и додава дека износот на редовни ненаплатени сметки од правни лица изнесува 23.775.092,00 денари, имајки во предвид дека месечно просечно се фактурира по 9.000.000,00 денари. Тужени ненаплатени побарувања од правни лица се во висина од 14.169.746,00 денари. Во моментот од вкупните ненаплатени побарувања од правни лица пет милиони денари се побарувања од државни институции.

Процентот на наплата на нетужените побарувања од правни и физички лица се движи во просек од 75 до 80%, додека тој процент при наплата на судските побарувања е значително помал.

-Со цел да ги наплатиме побарувањата ние превзема секојдневни активности при што најпрво разговараме со нашите корисници, праќаме писмени опомени кои иако не сме законски обврзани се доставуват до корисниците како информација за висината на неплатените обврски, а постапката која следува доколку не се реагира по опомената е изготвување на предлози за донесување на решенија за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа и доставување на истите до надлежен нотар, појаснува директорот Арсовски.

По донесување на решенито од страна на нотарот, стручните служби повторно доставуват опомена до должниците иако истите имаат рок во решението во кој рок тие се должни доброволно да го платат долгот.



***Филтер станица***

Доколку корисниците должници не постапат по опомената и доборoволно не го платат својот долг, се пристапува кон присилно извршување на извршната исправа пред надлежен извршител. Инаку, на секоја фактура што ја добиваат корисниците на услугите кои им ги дава ЈП Исар на месечно ниво постои информација за заостанат долг.

**Граѓани, стопански организации па и државни институции на јавното претпријатие му должат нешто над 161 милиони денари, или 2.630.340,оо евра. Тоа, секако, се многу пари со кои најголемото јавно претпријатие во општината би можело да сервисира голем дел од потребите значајни за неговото подобро функционирање кое е во интерес на граѓаните.**

Со своите услуги ЈП Исар опслужува околу 15.900 домаќинства и 1.100 правни лица Пристапот за наплата на побарувањата е идентичен и за физичките и за правните лица.

-Наша основна цел како јавното претпријатие е наплата на побарувањата, без притоа на корисниците да им се направат дополнителни трошоци. И токму поради тоа, пред да се превземе постапка пред надлежен нотар и извршител, се превземаат сите активности како – разговори , контроли на исправноста на мерните инструменти ,достава на писмени опомени ,можност за плаќање на рати, информира Арсовски.

# Системот се промени, а се променија и гостите на Штип

Штип го посетуваат пристоен број на гости од други држави, но ретко кој од нив доаѓа во Градот под Исарот од туристички побуди. Над 95 проценти од гостите на нашиот град се бизнисмени кои Штип го посетуваат на ден, два или недела дена од некои свои бизнис причини, односно поради соработката кои нивните компании ги имаат со нашите.

Што, секако, е добор.

Но, кои се нашите гости, од кои држави најмногу ги има, со кои наши фирми соработуваат тие, тоа е предмет на наше мало истражување.

Ако помисливте дека најголем дел од бизнис-гостите на градот наш се од текстилната индустрија, што како мисла би изгледало логично, се лажете. Тоа беше така во едно друго време, во еден друг-социјалистички систем, беше така и во првите години од нашата независност кога текстилот беше тој кој социјално го спаси градот, но денес, во услови на парламентарна демократија и капиталистички пристап во стопанството, работите стојат сосема поинаку.




*Урбаниста*




*Хотел Парк*

Односно, како што стои во насловот – Системот се промени, а се променија и гостите на градот.

Нашите гости главно престојуваат во помалите хотели кои се во мода последниве триесеттина години.

-Во нашиот Бутик хотел „Урбаниста“ престојуваат гости главно од Италија, Холандија, Германија и САД. Апсолутно доминантни се гостите кои во Штип се дојдени од свои бизнис причини бидејќи соработуваат со наши фирми. Со Актива доо, Кондево, Адиент Сеатинг и други. Речиси и да не сме имале гости кои во Штип дошле од туристички побуди, а гости од други градови на Македонија нема. Пред некоја година со луѓе од музејот во градот имавме средба со намера да изготвиме брошура за туристичките вредности на нашат општина за да имаме што да им понудиме и на гостите кои се од сверата на бизнисот, но и на оние кои туристички би сакале да го разгледат Штип, но не се најде решение за тоа, а без водич вие ја немате почетна точка за развој на туризмот, ни рече Кирил Нашков, сопственик и управител на „Урбаниста“ хотел со 12 соби и три луксузно опремени апартмани.

И во убавиот хотел „Парк“ во населбата „8 Ноември“ слушаме речиси иста приказна.

-Во нашиот хотел престојуваат речиси исклучиво деловни луѓе од поголем број држави главно од Европа но и од Америка. Најмногу деловни луѓе доаѓаат од Германија, Полска, Холандија, Грција. Тие во Штип бораваат од понеделник до петок, додека посетители од туристички побуди немаме. Интересно е тоа што најмал е бројот на деловни луѓе од странство кои престојуваат во хотел „Парк“, а кои се од текстилната индустрија, што порано не беше случај. Работите навистина се променија и тоа драстично, ни рече сопственикот на хотел „Парк“ Ангел Богдов. Овој хотел има 17 модерно уредени и дризајнирани соби и еден апартман.

Интересно и необично во оваа нова штипска приказна е фактот дека речиси и да немаме гости, деловни луѓе од државите настанатите од поранешна Југославија. Во тие години, кога градот ги имаше „Македонка“ со 6.000, „Астибо“ и ЗИК „Црвена Ѕвезда“ со по 3.000 вработени, ги имаше Макпромет, Нова Трговија, Метална, Селена, Агроалумина, Прогрес Инжеnеринг, Бетон, Пелагонија и други стопански и трговски субјекти, деловните луѓе кои беа гости на Штип беа доминантно од екс Југославија што беше и логично, со оглед на фактот дека стопанството во тогашната голема држава беше меѓусебно поврзано.

Но, да ли профилот на гости на нашиот град ни говори за сериозна промена на трудоинтензивноста на штипското стопанство, во некој друг текст.

# Студентите ја запознаа важноста на складирањето на енергијата



Енергијата е движечката сила на светот, а без неа сите ние на земјината топка не би биле на цивилизациското ниво на кое сме денес. Складирањето на енергијата, е една од стратешките компоненти кои овозможуваат робусна иднина за обновливата енергија.

Токму таа потреба енергијата да може да се складира беше главната тема на работилницата одржана под наслов „Напојување на иднината - Складирањето на енергија како столб на транзицијата кон обновлива енергија“. Трибината се одржа на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во организација на Фондацијата Акуо.

Конференцијата, која означува нов чекор во проектот на Фондацијата, ги собра на едно место студентите, професорите и експертите за животна средина, кои ја поддржаа долгорочната мисија на Фондацијата Акуо за зајакнување на локалните заедници во штипскиот регион преку едукација и иновации, како и промоција на одржливоста и писменоста за обновлива енергија.

Студентите имаа можност да се запознаат со улогата и важноста на складирањето на енергија во декарбонизираните енергетски системи. Беа презентирани различни технологии како што се литиум-јонските и проточните батерии, како и начините на кои тие поддржуваат поотпорен енергетски систем.

На работилницата акцент беше ставен и на проектот „Стипион Солар“ како студија на случај за да се демонстрира како складирањето на енергија е интегрирано во инфраструктурата за обновлива енергија во реалниот свет.

**Анас Будар**, раководител на одделот за складирање во Акуо, одржа предавање, нагласувајќи дека една од целите на оваа програма на Фондацијата е да ги подготви студентите од факултетите за земјоделство, машинско инженерство, електротехника и технологија за предизвиците на енергетската транзиција.

„Нашата мисија со оваа работилница беше да го доближиме складирањето на енергија до идните професионалци - студенти. Со споделување на практично знаење за технологии како што се литиум-јонските и проточните батерии, истражување на флексибилноста на енергетската мрежа и интеграција со сончевата и ветерната енергија, сакаме да ги подготвиме младите луѓе за предизвиците на енергетската транзиција. Ова е дел од нашата поширока посветеност да го поддржиме образовниот столб на иницијативата на Фондацијата Акуо во Штип и да понудиме кариерно водство и професионален увид во оваа динамична и стратешки важна индустрија“, рече Будар.

***Една од целите на оваа програма на Фондацијата е да ги подготви студентите од факултетите за земјоделство, машинско инженерство, електротехника и технологија за предизвиците на енергетската транзиција.***

Младите генерации, иновациите и иднината на зелената енергија во регионот.

Ова е втората од серијата работилници на Фондацијата Акуо што се одржуваат на „Универзитетот Гоце Делчев“ во Штип. Првата работилница во март 2025 година „Развој на Штип преку поттикнување на одржлив раст, земјоделство и транзиција кон зелена енергија“ имаше за цел да ја охрабри локалната заедница во процесот на изнаоѓање решенија за тоа како обновливите извори на енергија можат да станат одржливи економски модели. Настанот се одржа во присуство на владини претставници, бизнис лидери, експерти за животна средина, студенти и претставници од земјоделскиот и енергетскиот сектор.

# Се гледа крајот на изградбата на браната на реката Отиња

**➲ Очекувањата на градителите од Стентон Градба-Битола се браната да биде завршена идната година и потоа за најмногу осум месеци да биде исполнета со три милиони метри кубни вода.**

Изградбата на браната на реката Отиња е во завршна фаза. Очекувањата на градителите, битолската градежна фирма „Стентон градба", се дека браната ќе биде комплетно затворена идната година кога ќе започне и процесот на нејзиното полнење.

-Во моментов работиме со полн капацитет. На теренот се околу 40 камиони, осум багери, осум инженери, многу работници...Сите сме во функција на квалитетно завршување на работите за како одговорна градежна компанија на Штип да му овозможиме да има преубава акумулација која на градот и граѓаните на овој убав град ќе му служи многу децении, ни изјави **Ангела Шишкин**, дипломиран хидроградежен инженер, раководителка на проектот.

Според нашата соговорничка, во моментов, на браната се носат четири вида на материјали кои се неопходни за изградба на брани од камено-земјен тип со глинено јадро каква што е оваа брана. Отиња е насипна брана од шлунак и камен на предниот дел на браната со централно јадро од водонепропусен екран од глина. Должината на браната изнесува 222 метри, височинате е 32,5 метри, а широчината на круната е седум метри. Браната Отиња е оддалечена 300 метри од градот и се гради на подрачје како создадено за ваков тип на акумулации.

Штипјани деновиве забележуваат поголеми води како течат низ коритото на Отиња. Кога состојбата е таква (види фотографија) веднаш започнуваат муабетите на тема дали во горниот дел од сливното подрачје на реката ќе има доволно вода за полнење на езерото кое ќе има акумулативна моќ од три милиони метри кубни вода.

Додека едни се со став дека вода ќе има, други, оние скептиците говорат дека Отиња како мала река нема капацитет да ја наполни браната за период помал од три календарски години. Но, на оваа тема зборуваат лаици, а вистинскиот одговор може да го даде хидролог или хидроградежен инженер каква што е нашата соговорничка Шишкин.

-Од изворите во горниот дел на сливното подрачје, и во услови на врнежи со кои се среќаваме овие години, браната ќе биде наполнета со три милиони метри кубни вода во период од седум до осум месеци, вели Ангела Шишкин.

Ако и оваа дилема е симната од најмеродавното лице, тогаш не останува ништо друго освен со нетрпение да ја чекаме 2026 година и да сведочиме за новото штипско богатство-прва брана на една река во нашата општина. А треба да се знае дека во Источниот и во Југоисточниот регион само Општина Штип нема поголема вода на своја територија. Берово ја има Беровска брана, Делчево браната Олшана, М.Каменица и Виница ја делат браната Калиманци, Пробиштип ја има браната Кнежево, Свети Николе-Мавровица и Пишица, Радовиш-Мантово и тн.



Брана Отиња

Ангела Шишкин

***Шишкин: Од изворите на реката и во услови на врнежи кои ги имаме последниве години, браната на реката Отиња ќе се полни со три милиони метри кубни вода за период од седум до осум месеци.***

-Оваа штипска брана е наменета за рекреација на населението, раазвој на туризмот, нејзиите води ќе ги променат климатските услови во Штип, регионот ќе биде облагороден, ќе се оствари заштитната функција во случај на поплави, ќе се обезбеди еколошки гарантирано протекување на вода од браната низ коритото на реката (биолошки минимум), а ќе се обезбеди и водоснабдување со технолошка вода за потребите на наводнување на парковите во градот, коментира Шишкин.

# Новото ниво на градот и општината

**_Сведочиме на пет нови, големи потфати кои квалитетно го креват нивото на градот во секоја смисла_**

Во Штип, во моментов се одвиваат работи кои квалитетно ќе ги подобрат перформансите на регионалниот центар на Источниот плански регион. Нова обиколница со нов мост на реката Брегалница, најголем урбан парк во регионот, нова водоснабдителна линија-2 која ќе задоволува поголем број на потреби на разни субјекти, сто нови парцели, речици цело едно село во населбата Три Чешми за задоволување на растечките потреби од индивидуална градба на жителите на Општина Штип, брана на Отиња...

Тоа е новото ниво на градот. Нови градби кои ќе ја унапредат и квалитетно подобрат живеачката во Штип. Идеја на локалната власт во чиј епицентар е задоволување на потребите на штипските семејства, кои раководството на градот на чело со градоначалникот Иван Јорданов ги детектира на средбите со граѓаните во бројните штипски урбани заедници.

Но, да тргнеме по ред.

**Новата обиколница:**

Новата обиколница дополнително ќе го растовари сообраќајните гужви низ градот и неговото централно подрачје. Таа ќе тргнува од кај бензиската на Лук Оил, ќе минува покрај старата депонија и малатра црквичка кај населбата Пребег и ќе излегува на реката Брегалница под бањата Кежовица каде на реката ќе има нов мост преку кој непречено ќе се одвива сообраќајот. На овој на начин се остваруваат две стратешки цели: првата е минимизирање на сообраќајот низ градот, а вотрата избегнување на возење низ новоселската клисура во која при силно поројни дождови секогаш постои опасност од рушење на карпите во клисурата надвиснати над самиот пат.

**Урбаниот парк:**

Големиот урбан парк ќе биде „распослан“ на 70.000 метри квадратни, лоциран е непосредно до реката Брегалница и оди долж новиот булевар „Партизанска“ кој од крстосницата кај Градскиот стадион води кон населбата Баби и селото Караормаан, а одтаму и кон излезот од нашата општина и поврзување со регионалниот пат Штип-Кочани кај селото Долни Балван. Овој парк ќе има гоолем број содржини согласно потребите на децата, мајките, средната но и пензионерската генерација на Штип. Во него ќе се одржуваат и многу културни и забавни содржини за сите возрасти и за сите вкусови.

**Сто нови куќи кај Три Чешми:**

Посебно голем интерес постои за новите населби кои ќе никнат во непосредна близина на најголемата штипска населба Три Чешми. Во опција се сто плацеви за индивидуална станбена изградба. На стартот се покажа дека интерес за ваков тип на решавање на станбеното прашања кај штипските семејства е голем. Сосема е сигурно дека сите плацеви ќе си добијат свој сопственик зашто почетната цена од едно евро за метар квадратен е повеќе од поволна. Тука доаѓаме до најважниот елемент во ова ново ниво на градот, а тоа е фактот дека човек без стан е човек со постојани грижи за својата и иднината на своите поколенија, па и од овој аспект идејата за доволно можности за семејствата со помали приходи да можат да си го решат најважното-станбено прашање е извонредна за нашата локална заедница.



*Три Чешми*

**Линија два-вода за секого:**

Од големо значење за повеќе делови од градот и за поголем број намени е изградбата на водоводната Линија два. Вода за секого е една од основите на денешната модерна живеачка, а изградбата на оваа водоводна линија ќе израдува бројни жители на викенд населбата Плуждино, бизнисмените кои ќе сакаат да градат во индустриската зона за лесна, незагадувачка индустрија која е покрај патот Штип-Радовиш, населбите Пребег, Железничка и Три Чешми кои често пати, поради висината на кои се лоцирани, имаат проблеми со квалитетно снабдување со вода. Овој потфат е планирано да биде завршен до крајот на оваа година.

**Браната при крај:**

Изградбата на браната на Отиња се ближи кон својот крај. Планирано е да биде завршена идната година. Штип е единствена општина во Источниот и Југоисточниот регион без поголема вода на своја територија. Конечно го оствaруваме полувековниот сон, добвајќи посебно место за спорт и рекреација, одмор, забава, спортски риболов и вода низ градот во коритото на реката.

# Штипските пожарникари подготвени за престојното лето

Летата кај нас се карактеристични по бројните пожари кои ги зафаќаат главно шумските предели, но пламените јазици често знаат да зафатат и семејни домови, индустриски капацитети, земјоделски површини, разни капацитети и да нанесат големи штети на личниот, општинскиот и државниот имот.

Во пресрет на летото од тековната 2025 година за кое се говори дека ќе биде мошне топло, а со тоа ќе донесе големи предизвици за пожарникарите, за спремноста да се заштити животот и имотот на луѓето, општината и државата разговараме со Благој Ренџов, командира на Територијалната противпожарна единица (ТППЕ)Штип.

-Ние, како територијална противпожарна единица сме целосно подготвени квалитетно да одговориме на предизвикот кој со себе го носи летото, односно високите дневни температури, а што резултира со чести пожари. Навреме ги превземавме сите неопходни мерки за навремена интервенција вклучувајќи зголемена мобилност на екипите и распоред на дежурства, координација со другите институции за брзо дејствување на терен, проверка и сервисирање на опремата во ТППЕ и слично. Со еден збор кажано на време и мошне квалитетно се подготвивме и сеуште се подготвуваме за претстојното лето, вели командирот Ренџов.

Штипските пожарникари ургентно дејствуваа и во гаснењето на пожарот во дискотеката Пулс во Кочани во која животите ги загубија 62 млади лица, а околу 200 беа повредени.

-Во рамите утрински часови кога се случи трагичниот настан ние добивме повик за помош од колегите од Кочании, ургентно се организиравме и со едно возила и шестмина пожарникари го гасневме пожарот заедно со нашите колеги од повеќе општини од регионот, нагласува нашиот соговорник појаснувајќи дека тие вршеле догаснување на објектот и им помагале на колегите во расчистувањето на објектот.

Одговорната работа која ја имаат пожарникарите не може успешно да се заврши без соодветни опрема и современи технички помагала. Командирот Ренџов вели дека ТППЕ располага со неопходната опрема за лична заштита при нејзините интервенции, има возила за урбани интервенции, возила за техничка интервенција...

„Сепак, сакам да истакнам дека во нашата професија секогаш ќе недостига нешто од опрема, и секогаш ќе има потреба од нејзина набавка“, вели Ренџов.

Оваа важна служба е упатена на секојдневна координирана соработка со повеќе други служби во државата со цел квалитетно и одговорно да се извршуваат задачите.






Ренџов

-Во постојан контакт и соработка сме со останатите институции од областа на заштитата и спасувањето. Таква, би рекол одлична соработка имаме со Дирекцијата за заштита и спасување, МВР, АРМ, шумското стопанство „Серта“, а одлична соработка имаме и со нашите колеги од соседните општини, појаснува првото лице на штипските пожарникари.

Минатата година ТППЕ имал вкупно 523 интервенции од кои 346 биле интервенции при пожари, а 177 биле технички интервенции. Најмногу работа имало при справување со пожари на планината Серта и во делот на Општина Карбинци.

***Минатата година ТППЕ имал вкупно 523 интервенции од кои 346 биле интервенции при пожари, а 177 биле технички интервенции. Најмногу работа имало при справување со пожари на планината Серта и во делот на Општина Карбинци.***

-Многу сме задоволни од соработката со Општина Штип, со Советот на општината и посебно со градоначалникот Иван Јорданов. Таквата соработка придонесува нашите активности да ги реализираме на најдобар можен начин и квалитетно да ја извршуваме нашата одговорна работа, вели командирот Ренџов кој, на крајот од разговорот укажува на фактот дека како и во другите општини и во Штип постои недостаток од кадар за оваа важна професија.

**Со Трајан Ангелов, човек кој со својот тим и блиски соработници ја создадоа една од најголемите логистички компании во Македонија**

# Приказна за еден успех: Квенбергер Македонија, посакуван логистички партнер на голем број компании од разни индустрии


Трајан Ангелов

Квенбергер Логистик Македонија дооел чие седиште е во Штип, за неполни триесет години постоење успеа да се изгради во една од поголемите логистички компании во нашата држава. За успехот на компанијата од нашиот град во семејството на логистичката индустрија, деновиве пишуваа поголем број специјализирани изданија од неколку европски држави. Во сите текстови посветени на Квенбергер Логистик преовладуваат позитивните рецензии за неговиот успешен развој што беше повод за наш разговор со **Трајан Ангелов**, првиот човек на компанијат со чие име се врзуваат сите нејзини развојни успеси.

**Г-дин Ангелов, неверојатен е фактот со колку пофални зборови специјализираните за логистичката индустрија европски медиуми пишуваат за Квенбергер Логистик Македонија на чие чело цели 25 години сте Вие. Би било убаво за нашата локална заедница да дознаеме нешто повеќе во однос на почетоците бидејќи идната година компанијата ќе прослави 30 години постоење и успешен раст и развој?**

-Нашата приказна започна пред 29 години како логистичка компанија за потребите на текстилната индустрија која, во тоа време, беше прилично развиена како во нашиот град така и во целиот Источен регион. Почнавме со осуммина вработени за денес, речиси три децении подоцна, да дојдеме до бројката од 185 вработени. Со тек на времето, преку реализација на новата развојна филозофија, од логистичар во текстилна индустрија прераснавме во компанија која логистички поддржуваше и поддржува поголем број компании и во разнидруги индустрии.

**Веќе рековме дека на чело на компанијата Вие лично сте цели 25 години и дека сите кои ја познаваат штипската стопанска структура успехот го врзуваат со Вашето име и Вашиот тим, но која беше вашата примарна цел за Квенбергер Логистик Македонија да успее да дојде до ова ниво на својот развој?**

-На чело на компанијата сум полни 25 години. Моја примарна цел беше да создадам силно и страсно мотивирачки високо обучени тимови за одговорната работа која ја имаме како логистичка компанија и тоа во најтесна соработка со седиштето на компанијата, нејзиниот врвен менаџмент и трансфер на знаења од Австрија. Во таа наша мисија целосно успеавме да ги воодушевеме клиентите со наштите врвни и квалитни услуги за што говорат и нашите постигнатите резултати.

**А тие се?**

-Како што погоре реков бројот на вработени го зголемивме од 8 во почетните години на 185 лица денес. Реализацијата е зголемена од шест на 17,5 милиони евра. Магацинскиот простор го проширивме за де- сет пати, односно од 3.000 на 30.000 метри квадратни. Успешниот развој го продолживме и во текот на минатата 2024 година со отворањето на новиот логистички центар во Скопје кој зафаќа површина од 13.200 метри квадратни со 14 докови за утовар/растовар и висина на магацините од 12 метри. Дневната дистрибуција ја вршиме со 80 дистрибутивни возила кои се во функција на корисниците на нашите логистички услуги. Сакам тука да потенцирам дека најсилниот развој го до- живуваме токму во последните десет години, од 2014 година кога имавме 45 вработени па се до денес со бројка од 185 вработени станувајќи лидер на пазарот на договорната логистика. Се фокусиравме на решенија ориентирани кон клиенти во секторите FMCG, малопродажбата, телекомуникациите, е-трговијата, мо- дата, белата техника, индустријата за пијалаци и автомобилски сектори со што компанијата се етаблира како сигурен логистички партнер.

**За кого е наменет новиот инспиративен магацин?**

-Се работи за најсовремен магацин специјално развиен за проектот „Еден клиент под еден покрив„ за еден од нашите актуелни клиенти Нептун Скопје кој е водечки трговец на мало за бела техника во нашата држава кој располага со 26 продавници. Со овој кли-

ент Нашата соработка и партнерство започна во 2020 година со складирање на 1.780 различни парчиња. Денес Квенбергер Логистик Македонија управува со 4.270 различни производи почнувајќи од фрижидери, машини за миење садови, печки, правосмукалки, клима уреди и други производи со вкупно складиран волумен од 14.000 метри кубни.

**Кој е рецептот за вашиот успех?**

-Квалитет, флексибилност, иновативност и високо мотивиран тим.

**Кои се силните страни на менаџерскиот тим и вработените во Квенбергер Логистик Македонија?**

-Една од повеќето силни страни е и способноста на искусниот и високо мотивиран тим на Квенбергер Логистик Македонија кој со своето сеопфатно логистичко знаење, експертиза и желба да развие прилагодени и персонализирани логистички решенија за клиенти во повеќе индустрии.

Нашите логистичкии концепти нудат модерни дигитални и оптимални логистички концепти кои ги исполнуваат а во повеќето случаи и ги надминуваат очекувањата на нашите клиенти.

**Следејќи ја работата на вашата компанија низ сите овие години на вашето постоење, цениме дека Квенбергер Македонија има влијание и на економскиот раст на нашиот Источен плански регион. Точно или...**

-Во право сте кога изнесувате ваква оценка. Сакам да истакнам дека ние, во нашата работа, ангажираме поголем број транспортни компании од целата држава но за потребите на Логистичкиот центар во Штип ангажираме претежно компании од Источниот регион како во меѓународниот така и во националниот односно локалниот превоз.

Истотака сакам да истакнам дека и при изградбата на логистички складишта од „А“ класа за Нашите потреби, од страна на Инвеститорот Новтренд дооел Штип беа ангажирани и неколку локални компании како што е и примерот со ангажирање и на градежната штипската компанија „Актива“ ДОО, која како специјализирана компанија ги градеше логистичките капацитети од 30.000 м/2 во индустриската зона Ќојлија во Петровец, во близина на Маѓународниот аеродром Скопје а кои што капацитети Ние како Квенбергер Логистик Македонија дооел ги оперираме како провајдер на логистички услуги за клиенти во повеќе индустрии.

**На што го ставате вашиот фокус во однос на идниот развој и работа на Квенбергер Логистик Македонија?**

-Нашата Компанија се фокусира на понатамошно зајакнување на својата пазарна позиција во нашата држава и регионот преку проширување на иновативните логистички решенија за постојните и новите клиенти преку инвестирање во дигитализација и автоматизацијана логистичките процеси во развивањето на идните логистички центри и паркови.

**Зошто е важно една логистичка компанија да ги има своите магацински капацитети надвор од урбаните средини.**

Нашето седиште е во Штип, а ние сме позиционирани во Индустриската зона, кај Царинскиот Терминал во Штип додека со нашата подружница во Скопје ние се позициониравме близу Меѓународниот аеродром во Скопје во индустриската зона Кјојлија во Петровец каде што се вкрстосуваат коридор 8 и 10 (клучка Миладиновци) во непосредна близина на автопатот каде што допринесовме товарниот сообракај да не влегува во градовите и другите населби со што допринесуваме за намалување на загаденоста на воздухот во урбаните средини и поголема проточност на сообракјаот.

**Кои капацитети ги имате во Штип?**

Во Штип од каде и што почнавме се уште го оперираме Логистичкиот центар од 3.000 м/2 кој е спе-



цијализиран за модната и ритеил индустријата и преку овој центар логистички подржуваме и неколку наши клиенти од автомобилската индустрија.

***Вработените-најголем капитал: Поголем дел од вработените се долги години во компанијата а има вработени кои се и со повеќе од 20 години континуиран стаж во Квенбергер Логистик Македонија. Како корпоративно општествено одговорна компанија ние сметаме дека вработените се еден од најважните столбови и најголем капитал на компанијата и во нив вложуваме како во обуки, едукации, услови за работа така и во лични примања, бонуси и додатоци кои се над просечните примања во државата.***

**Дали имате проблем со стручен кадар, ако го имате проблемот кој стручен кадар ви недостига и како да се најде таков кадар?**

Да, како кај сите компании така и кај Нас постои потребата за висококвалификуван стручен кадар. Универзитетите и другите образовни институции во државата веќе едуцираат соодветни кадри кои со неколку месечна дополнителна обука во Нашата компанија истите се надградуваат и оспособуваат за развивање и водење на модерните логистички процеси.


ФЛИПНИ
И УЖИВАЈ
ВИТАМИНКА
СТОБИ ФЛИПС
СО КИКИРИТКИ
WITH PEANUTS
e 40g
БЕЗ КОНЗЕРВАНСИ NO PRESERVATIVES ADDED
БЕЗ ВЕШТАЧКИ БОИ NO ARTIFICIAL COLOURINGS


KitGomarketi
КУМАНОВО
ПРОБИШТИП
СКОПЈЕ
М. КАМЕНИЦА
ДЕЛЧЕВО
КОЧАНИ
ПЕХЧЕВО
ШТИП
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КАВАДАРЦИ
ГЕВГЕЛИЈА
КИТ-ГО Маркети
Вкусно
Baron
ТЕРА
Luxy
Donna



Пишува:
д-р Даница Фичорска,
специјалист физијатер
во пензија

# Прошетките не се доволни

Што посака кога се напи од светата вода што исполнува желби? - го прашав соседот до мене, кога издашно ја испи сета вода во шишенцето во раката, после беседата на свештеникот од црквата Свети Јован, за нејзината чудотворна моќ.

-Да дочекам стота" - сериозно ми одговори.

-Интересно, си помислив и искрено му посакав,да му се исполни желбата.

До шеесетата година од животот човек е работоспособен и може да издржи поголем напор но после седумдесетите сè се менува поради промените кои со текот на годините се случуваат во организмот.

Намалувањето на мускулната маса кај човекот, веќе почнува од неговата четириеста година, но на 70 годишна возрст тој губи 50 проценти од неа.

Лигаментите и сврзното ткиво стануваат по крути и ја намалуваат својата еластичност.

Зглобовите се стеснуваат, најчесто поради артрозните промени и намалување на синовијалната течност, што ја редуцира нивната подвижност и флексибилност.

Коскеното ткиво, остеопоротично се менува, станува порозно и кршливо кај поголем дел од населението, посебно кај женската популација после климактериум.

Крвните садови стануваат по крути, се стеснуваат што доведува до намалување на циркулацијата, посебно во нозете. Срцето ја забрзува работата, што условува замор, при поголем напор.Дишењето, исто така се забрзува. Телото бара да се одмори.

Равнотежата полека се губи и се ова ги ограничува секојдневните активности.

Во колку е зголемена и телесната тежина, сите оивие промени се нагласени со уште поголем интензитет.

Сè ова се случува незабележливо а кога ќе се појават првите симптоми, кога неможеш сам да ги врзеш чевлите, облечеш чорапите, да се искачиш по скали, веќе сè е во напредната фаза особено во денешно време кога голем број од нас, денот го врви во седечка положба со телефон во раце или покрај компјуртер и телевизор.

Телото праќа сигнали кои треба да се забележат „Ако не ме користиш ќе ме загубиш "- како да вика мускулатурата.

Седењето станува навика, како пушењето, од кое не можеш лесно да се откажеш, особено неодоливата желба за сон после секој пообилен оброк.

Императив е телото да ја одржи и зачува својата виталност што подолго со навреме преземени потребни активности, посебно во поодминатите години.

Прошетките со пешачење се наједноставни и најприфатливи за оваа возраст но е неопходно да се секојдневни и не треба претерување. Се одбираат покуси дестинации по можност во пријатно опкружување и доволно е барем еден круг околу населбата или домот.

Ако долго седиме пред телевизор потребно е на секо 1/2 час прошетка низ собата.

На движењата треба да се мисли и веднаш по утринското будење додека сме уште во кревет. Експертите нагласуваат дека лесните утрински истегања како што е испружување на двете раце над главата, ротација на стапалата во скочните зглобови, виткање на колената со лизгање на петиците по постелнината, подигање наизменично (по можност) на низете во колковите,одлепување кон горе на рбетот од постелата во половината, а потоа двете рамена, вратот и главата-неверојатно добро ја намалуваат утринската вкочанетост. Не мора веднаш да се направи комплетен тренинг но неколку движења го активираат телото и можат да имаат големо влијание врз тоа како ќе се чувствувата во текот на целот ден. Овај ритуал, секојдневно треба да стане навика. Се растегаат сите зглобови со што се зголемува нивната еластичност и подвижност. Сите овие движења не можат да се добијат при пешачење каде рбетот воглавно е во исправена положба.

Покрај вежбите вршење што подолго на секојдневните активности има голема важност (работа во кујна, во домаќинството, градината, дневно искачување барем еден кат и слично.покрај подвижноста ја зголемува самодовербата и носи радост во душата за завршената работа.

Без посебни справи и услови треба да се обрне внимание и на зачувување на равнотежата и стабилноста на телото. Добри вежби се седнување и станување од стол со потпирање на рацете, а ако е можно и станување со раширени раце .Стоење зад столот на едната потоа на другата нога, одење низ собата со раширени раце, одење по равна линија, секогаш водејќи сметка за сигурноста на телото. Паѓање во оваа возраст не смее да се дозволи кога кршењето на коските е неверојатно лесно особено кај напредната остеопороза. Со овие движења долго се одржува равнотежата на телото. Ако при приготвување на ручекот или друга работа каде долго се седи потребно е нозете повремено да се пронишаат напред, назад, а ако долго се стои да се направи подигање на едната потоа на другата нога со одлепување од подлогата.

Сето ова изгледа заморно но ако стане навика е сосема едноставна и не бара никаква опрема нити услови имајќи на ум, да се одржи подвижноста е благосостојба од огромна важност за секој човек.

Самозгрижувањето нема цена, за себе лично, за своето достоинство и за спомените што ќе ги оставиш на фамилијата. Треба да се има на памет дека независноста од друг е радост на живеењето. Јако тело значи независен живот. Ако покрај пешачењето се овозможи пливање , возење велосипед, качување по нерамен терен, носење умерена тежина, како торбите од пазар, телото ќе ви биде благодарно.При недоволни резултати потребно е да се побара и стручна помош.

Сонцето ви дава чувство на слобода, како да ве вика „ Уште си тука. Уште си жив" Сонцето не познава години. Јакнењето пред се на нозете ја одредува сечија независност која долго не ја сваќаме.

Да се одржи подвижноста, можноста за самозгрижување е општа благосостојба како за телото така и за духот посебно за старите луѓе и тогаш нека се исполни речената желба „Да се доживее стота"

Почнете веднаш, никогаш не е доцна.

ПС. (јас задоцнив)



Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ, писател

# Не врска со идеална личност туку со онаа од која можеш да научиш

Дедо Трајко ниту беше учен човек, ниту пак беше хобист-историчар. Тато за него велеше дека има златни раце зашто може од дрво нозе да направи. По занает беше кацар. Јас го знаев и гледав како баштованџија. Дедо Трајко роден во 1900 година, го доживеал турското, бугарското, српското и партизанското. Умре на 74 годишна возраст.

На прашањето како би го опишал животот на македончето во сите тие царства, рече: „Во бугарско беше мирно, во српско ефтино.“ Сакаше да каже дека за Бугарите било важно лажното братство со поробените, а за Србите полниот стомак.

Турците ги сметаше за неискрени луѓе. Пример за нивната неискреност го земаше убиството на Јане Сандански. „Го излажаа. Го симнаа од планињето за да го убијат нашите“ – велеше.

Во социјализмот дедо Трајко имаше се помалку работа, т.е. се помалку нарачки, па така целосно се беше облегнал на работничката класа чии претставници во нашево потесно семејство беа мама и тато.

Ниту г’к ниту м’к за Тито и комунистите.

* * *

Мислам дека во социјализмот дедо Трајко во права смисла на зборот си го најде своето место и мирот. Работеше колку што можеше, скоро ич, а бараше колку што му беше потребно-не признаваше појадок без парче сланина и ручек без шише вино.

Така дедо Трајко стана мој пример за тоа како да се заработи спокојство, односно, како потиснатиот страв може да те доведе до конфорно живеење, па нека е и кобајаги.

* * *

В. Шекспир рекол: Секогаш се чувствувам среќно зашто од никого ништо не очекувам. Очекувањето секогаш боли. Проблемите не се вечни. Тие секогаш имаат решение. Единственото нешто што не може да се излечи е смртта. Не дозволувај никој да ви ја намали самопочитта.

Викањето е инструмент на кукавици, на оние кои не мислат.

Пред да почнеш да зборуваш, вдиши длабоко
Пред да кажеш, слушни
Пред да критикуваш, погледни се себе си
Пред да напишеш , размисли за тоа.
Пред да повредиш погледни
Пред да откажеш, пробај
Пред да умреш, уживај.

Најдобрата врска не е врската со идеалната личност, туку врската во која можеш да научиш како да живееш со недостатоците на другиот, а и да се восхитуваш на квалитетите на другиот.

* * *

Излегува дека дедо Трајко прекарал четири царства без да му фали влакно од келавицата само затоа што научил да живее со нивните недостатоци, односно, оти знаел да ги почитува нивните вредности. За тоа најдобар пример е животот во социјализмот.

* * *

Нема да погрешиме ако и ние во Страдалницава на патот кон ЕУ, поченеме да учиме како да живееме со нејзините недостатоци, воедно да ги почитуваме нејзините вредности.

Истото треба да го практикуваме и со браќата Албанци. И тие како и ние имаат свои недостатоци и вредности.

Време е да почнеме да се учиме. Како што велеа моите професори откако ќе задоцнеа на предавање- „Поарно некогаш отколку никогаш“.

„Але оп!“ –Што би рекол Курт Вонегат



# Дали е потребна симулација на државната матура?

**Пишува:
Роберт Аџипетров**

Државната матура, за многу ученици, не е само испит – туку и симбол на крајот на едно важно животно поглавје, но и почеток на друго. Во Македонија ова форма на тестирање е воведена во 2007 година, како испит кој се реализира според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставните програми за соодветни наставни предмети кои се вклучени во државна матура. Станува збор за релативно сериозен тест како за учениците така и за системот, па логично е да се јави прашањето дали е потребно тестот да биде тестиран пред негово финално реализирање. Дали испитот со кој учениците би се соочиле само еднаш во животот продуцира реални резултати кои вистински го отсликуваат знаењето? Како можен одговор на оваа дилема, а во насока на истакнување на сериозноста на прашањето се јавува потребата од организација на симулација на државна матура. На овој начин би се воспоставил еден механизам за контрола на стресот, но и би се создала шанса за искрена проценка на подготвеноста. Како резултат на ова би се добиле пореални резултати од спроведеното тестирање, во кои би се минимализирале ефектите од останатите фактори, односно би се мерело исклучиво знаењето.

Во време кога образовниот систем се соочува со критики за непримениливо знаење, застарени наставни програми и неповрзаност со реалниот свет, симулацијата на матурата би била ретка можност да се погледне во огледало – и тоа не само учениците, туку и институциите, училиштата, па и наставниците.

Симулацијата на државната матура има неколку клучни бенифити, но оние неколку на кои што посебно ќе се задржиме се следниве:

Намалување на анксиозноста – За многу ученици, самото сознание дека имаат „генерална проба“ значи помалку страв од непознатото. Се запознаваат со структурата на испитот, типот на задачи, формата на тестот – и најважно, времето што го имаат на располагање. Впрочем неретки се појавите на здравствени потешкотии предизвикани од страв што директно влијаат на резултатот на ученикот.

Тестирање на реалната подготвеност – Симулацијата не е само проверка на знаење, туку и на концентрација, менаџирање со време и стратегија на решавање. На тој начин би се детектирале слабите точки, а истите потоа би можеле да се отстранат.

Вежба за одговорност – Државната матура, колку и да изгледа како бирократски процес, сепак носи сериозни последици, а во тој правец симулацијата ги учи учениците дека сериозните ситуации бараат сериозен пристап.

Повратна информација за системот – Кое е нивото на подготвеност на воспитно-образовниот систем за спроведување на оваа активност, но и кои се останатите недостатоци со кои тој би можел да се соочи. На пример, ако 80% од учениците имаат проблем со одредена задача, можеби проблемот не е само во нив. Минатата година средните училишта во Општина Штип за прв пат во историјата на Македонија спроведоа симулација на државна матура. Заинтересираноста на учениците за учество во овој пробен тест беше огромно и иницијалните заклучоци за истата беа позитивни. Сепак, со оглед на фактот што станува збор за единствен случај, без можност за создавање на доволна база на податоци преку кои би се анализирале ефектите, не може со сигурност да се утврди колку истата беше корисна за средношколците од Штип. Но и покрај ова, доколку симулацијата би била добро организирана, реалистична, и со вистински повратен фидбек т.е. не би била само формалност, тогаш останува тврдењето дека истата би имала позитивно влијание, а крајните резултати би биле подобри како за учениците така и за системот.

Во крајна линија, државната матура не мери само што сме научиле, туку и колку сме созреале. А секој важен настап, во секоја сфера, бара проба. На тој начин спроведувањето на истата на би било едноставно „изминување на уште една обврска“, туку можност подобро да се подготвиме – академски, но и човечки.

**(Авторот е директор
на Педагошка служба
при Министерството
за образование и наука)**

# Штип доби Биг Бенд џез оркестар, прв настап пред публиката на 3 Јуни




Штип си враќа дел од старата слава со формирањето на Астибо биг бенд (џез оркестар) кој пред штипската публика ќе се претстави на 3 јуни, годинава. Кога велиме „стара слава“ мислиме на втората половина од педесеттите години од минатиот век кога во тогашната Памучна иднустрија „Македонка“ беше формирано истоименото друштво во кое, покрај народниот, беше и забавниот оркестар под диригентска палка на Киро Стоев.

Основачи на здружението на граѓани се: м-р Горан Кавраков,претседател и професорите м-р Елена Мирасчиева, м-р Виолета Арсовска, Славица Деспотова и Кристијан Алексовски.

-Ова е наша идеја која датира од пред три години. Името “Астибо” е дадено од јасна причина, нашето старо име на градот, град со огромна музичка историја, а заслужува да во него се изгради една ваква институција. Биг бендот е составен во онаа оригинал формација на еден џез оркестар на музичари и инструменти, односно,а џез оркестарот брои 21 член заедно со диригентот, вели Горан Кавраков и додава дека имаат одличен вокал.

-Членовите на овој џез оркестар се голем процент Штипјани, дипломирани музичари, професори... кои имат оставено голем белег во музичката уметност во нашата држава и надвор од неа, а има и дел млади фантастични ученици, кои со огормна желба се вклучија да научат за нив нов правец во музиката.

-Ние сме среќни што диригентот Владимит Ботев од Скопје со задоволство прифати да работи со нас, а имаме и дел од секцијата тромбони од Скопје кои несебично прифатија да ни помогнат на сите нас за успешен прв промотивен концерт. За сите во биг бендот е многу важен промотивниот концерт...Штип како центар на Источниот регион и град од кој дал голем број музичари низ државата, Европа и светот, заслужува да има ваков тип на оркестар или институција каде прво може да се вработат идините генерации, а второ ќе биде заштитен знак на нашиот град и државава, коментира Кавраков и ја искажува гордоста што во Скопје наши другари и колеги успеаја да го формираат Националниот џез оркестар и тие таму функционираат одлично.

Планот е основачите и членовите на биг бендот да ја оддржуваат оваа култура со минимум 4 концерта во годината во Штип, а во меѓувреме и да се промовира бендот по другите градови, но и надвор од државата.

-Пробите ги одржувавме во Домот на млади, за што ја изразуваме нашата благодарност на директорот Видан Лазарев. Програмата ја адаптиравме за публиката, ќе настапиме со едни од најпознатите теми отсвирени некогаш во џез оркестрите, In the mood, Cute, Splanky, Summer time, All of me и други, преаранжирани композиции. Убедени сме дека публиката ќе биде ззадоволна и ќе доживее едно сосема ново музичко искуство, вели Кавраков.

Астибо биг бенд доби поддршка од Општина Штип, од Црво експрес, Про транс Диспеч ДОО, ЕАМ, Албатрос, Локал кичен, а има најави дека овој проект

***КАВРАКОВ: Програмата ја адаптиравме за публиката, ќе настапиме со едни од најпознатите теми отсвирени некогаш во џез оркестрите, In the mood, Cute, Splanky, Summer time, All of me и други, преаранжирани композиции. Убедени сме дека публиката ќе биде ззадоволна и ќе доживее едно сосема ново музичко искуство.***

ќе биде поддржан и од други фирми во градот. Сите членови се фокусирани на првиот концерт, енергијата кај сите е присутна од сите свери на подготовката, идејата е да се наснима, да се измикса, да се средат сите детали, па после овој концерт бендот да може да се понуди и на другите градови во државата, а секако и до Министерство за култура...сепак не станува збор за едностсвен состав, планот е долгорочен зашто целта на ова здружение е овој Биг бенд оркестар еден ден да прерасне во институција. Тоа значи да се отворат работни места, да има регуларни аудиции како во секој оркестар, да има годишна програма за штипјани, да се створи навика за овој стил на оркестар, а во меѓувреме да работиме напорно да го подигнеме нивото на самите нас како членови, да биде првиот оркестар како институција во Штип.

# „Да ви кажам“ одличен сатиричен текст на Трајче Кацаров и одлична глума на Оле Поцкова од „Зевзекманија“

Со претставата „Да ви кажам“ на писателот Трајче Кацаров одиграна синоќа на сцената во Домот на млади се покажа и докажа дека и оваа институција ги оспособила своите капацитети (и) за театарски претстави. Одлично изгледаше сцената во салата на Домот чиј седечки капацитет е за стотина проследувачи на било каков настан од културата, додека во услови на настан на кој проследувачите стојат овде можат да се соберат до 200 лица.

-Ние, на некој начин, конечно создадовме сала која ќе може квалитетно да служи и како театарска сцена. Отворени сме за сите творци од сверата на драмската уметност, само нека младите, но и оние поискусните творат, а ние ќе им ги ставиме на располагање нашите ресурси. Сакам да потенцирам дека на тој простор се можни театарски претстави, концерти, промоции на книги и други настани од областа на културата, вели Видан Лазарев, директор на Домот на млади Штип.

И според писателот и драмски автор Трајче Кацаров, во случајов се работи за заживување на нова театарска сцена која има капацитети за квалитетно да одговори на барањето за поставување на дела од драмската-театарска уметност.

-Она што е направено со сцената во Домот на млади, само по себе дава можност квалитетно да се развие драмската уметност на еден нов простор за неа, во институција која е царство на младите, но е отворена и за сите други љубители на настани од културата, вели Кацаров.

Нема сомнеж дека Трајче Кацаров напишал одличен сатиричен, актуелен текст инспириран од нашата современа стварност, како што нема сомнеж дека Оле Поцкова позната од емисијата Зевзекманија на ТВ Канал 5 речиси до перфекција до донесе улогата на Весела во монодрамата „Да ви кажам“. Оваа претстава мора да доживее најмалку 100 репризи и да го обиколи барем Истокот на Македонија.

Инаку,синоќешната монодрама „Да ви кажам“ излезена од инспиративното перо на Трајче Кацаров во која улогата на Весела ја толкува познатата од ТВ екраните Оле Поцкова, која маестрално ја одигра својата улога, трае колку што трае еден школски час.

Нема сомнеж дека Кацаров напишал одличен сатиричен текст од нашето современо живеење. Неговиот сатиричен поглед на нашата стварност никого во салата не остави рамнодушен. Се покажа дека штипјани знаат да препознаат сатирично/ироничен израз за најважните аспекти од нашата живеачка и соодветно, со смеење и аплауз, на вистински начин и на вистинските места да одреагираат на тоа. Таква атмосвера имавме вечерта кога ја гледавме претставата во Домот на млади.



***Оле Поцкова на сцената***

Кацаров, преку овој сатиричен текст, ја става на тапет нашата политика, социјалниот елемент, раздвојувањата на семејствата при што родителите и децата комуницираат само на далечина преку модерните алатки на денешното време-мобилните телефони и компјутерите, комшиските односи, нашата европска (не)перспектива и слично на тоа.

***Нема сомнеж дека Трајче Кацаров напишал одличен сатиричен, актуелен текст инспириран од нашата современа стварност, како што нема сомнеж дека Оле Поцкова позната од емисијата Зевзекманија на ТВ Канал 5 речиси до перфекција ја донесе улогата на Весела во монодрамата „Да ви кажам“***

Се на се, публиката уживаше во претставата која, барем на еден час и донесе одлично расположение поради текстот на Кацаров и поради глумата на Поцкова позната од стаиричн-хумористична емисија наТВ Канал 5 – Зевзекманија.

# Дејан Митров го донесе пеливанското борење во Штип

**_На турнирот „Трофеј Штип“ учествуваа 60 пеливани од Македонија, Србија, Бугарија и Грција, настапија и шестмина штипски борачи_**



***Голем интерес за пеливаните***

Околу 6.000 гледачи беа сведоци на посебен настан-меѓународен турнир во пеливанско борење во Штип кое на градот, испишувајќи нова историја, му го донесе борачот Дејан Митров, зад чие име стојат рекордни во македонското борење 17 титули на државен првак во боречкиот спорт. Оваа есен Митров ќе настапи на светско првенство кое ќе се одржи во Загреб, главниот град на Хрватска.

Идејата за организирање ваков турнир Митров ја добил од свои пријатели кои често го прашувале за тоа што и какво е пеливанското борење.Тоа го навело да го олрганизира овој турнир, за како што ни рече „да се види и нешто посебно во време и услови кога во државата сведочиме на голема исполитизираност и



***Горан Михајлов, Дејан Митров, Басри Јусуфи (од лево кон десно)***

доминација на црните хроники во медиумите“. Митров е посебно горд на фактот дека токму преку пеливанското борење ги обединивме младите луѓе од сите нации и вери, македонци, албанци, срби, грци, турци, власи, роми.

-И поради својата спортска посебност турнирот ќе стане традиционален, ќе се одржува под наслов „Трофеј Штип“ и ќе има меѓународен карактер, зашто сите ние учесниците уживавме во спектаклот. Годинава, имавме 60 борачи од сите македонски клубови, потоа од Србија, Бугарија и од Грција кои настапија во пет категории. Победник во прва категорија е Реџеп Ајдари, во втора Дејан Митров, во трета Фатмир Битиќи, во четврта Реџеп Таири и во петта Стефан Стојков, вели Митров и додава дека од Штип покрај него настапиле и борачите Марио Ананиев, Андреј Трајков, близнаците Стефан и Стојанче Стојкови и Фаик Мемедов.

Нашиот соговорник укажува дека пеливанското борење има 800 годишна традиција и е „родено“ во Турција.

-Борачите носат кожени пантолони наречени каспети, а се премачкуваат со масло за да се отежне зафатот и борењето да биде потешко, а со тоа и поатрактивно. Во овој спорт се вели дека победник е оној борач кога папокот на неговиот противник ќе го види сонцето, појаснува Митров и додава дека пред почетокот на секоја борба пеливаните изведуваат ритуал кој се нарекува перде.

Борбите траеја цели четири часа а победникот, по завршетокот на борбата оди покрај публиката која му дава пари во зависност од тоа кој гледач колку е задоволен од борбата која ја прикажал победникот.

-Јас сум голем оптимист дека овде, во нашиот Штип, турнирот во пеливанско борење ќе биде од светски формат. Првиот турнир ни даде насоки како да го направиме Штип центар и на пеливанското борење покрај тоа што одамна е центар на борењето во слободен стил, вели Дејан Митров.

Главни спонзори на турнирот „Трофеј Штип“ беа Општина Штип и фирмата КОП инженеринг.

Млад брачен пари оди на одмор во Грција.
По два дена жената му вели на сопругот:
-Мажу мој, утре те водам во скап ресторан на вечера!
-Од каде пари бре невесто?
-Нека е жива штедната книшка, рекла жената. Биле на вечера, жената платила многу пари, а по некој ден му вели на мажот:
-Спремај се утре одиме во моден салон да ти купам скапо одело!
-Од каде пари бре жено, млади сме штотуку започнавме да создаваме семејство,
требаат пари...
-Не се секирај мажу, нека е жива штедната книшка, пак рекла жената.
И се така по ред, па еден ден заминале на плажа. Мажот лежел на песокот, а жената почнала
да влегува во морето. Кога водата и била до колено мажот свокнал и повикал:
-Застани жено, длабоко е...
-Оти бе мажу, прашала жената.
-Ќе ја натопиш штедната книшка, рекол мажот.

---

Научна експедиција оди во џунгла да утврди
дали таму живеат последните човекојадци.
Наишле на диво племе, па го прашуваат главешината:
Дали кај вас има човекојадци?
-Не знам, мислам дека последниот го изедовме вчера за ручек, рекол главешината.
Истата експедиција продолжува да талка низ џунглата да утврди дали е вистина дека во еден нејзин дел живеат најстарите луѓе на светот. Наидуваат на племе и го прашуваат еден од нив колку години има:
-122 рекол прашаниот.
-А дали ти си најстар во племето, пак прашале научниците.
-Не знам, можеби сум најстар, ама за секој случај почекајте да
го прашам татко ми!

---

Полагаат студентите усен испит. За тоа време професорот се клател на столчето, па во еден момент столчето се скршило и професорот паднал на подот. Студентот не можел да издржи и започнал да се смее.
Професорот, полека станувајќи и чистејќи го костумот му рекол: „Ех колега, денес паднавме и двацата!“
Студент уловил златна рипка. Рипката му рекла: „Пушти ме и ќе ти исполнам една желба“.
Студентот зачудено ја запрашал: „Како една, нели се три желби?“
На тоа рипката одговори: „Еее, сега е по Болоњскиот систем“






# ТР-МР




**Размислува: Iv. BOJ**

**Видов конвој од црни лимузини.
Некој рече дека доаѓале од власта.
Па се прашав дали тоа тргнале
да ја погребат државата.**

**За песимистот несреќата е нешто
што му се случува само нему
Додека среќата им се случува само на другите.
Не е до среќата/несреќата туку е до
песимистот кој не знае да биде среќен.**

**На стаклото пред мојот нос во банката
стои напис: „Ви благодариме на довербата“
На пултот под стаклото пенкало
залепено за пултот со најцврст лепак.
Толку од довербата.**

**Ако е точно дека треба да
учиме од грешките
Тогаш  ние во Македонија
сме во најдобрата училница
на светот.**

**„Живеј како што сакаш, е не како
што мораш“, стои парола на еден ѕид.
Јас би живеел како што сакам
да не морам да живеам како што морам.
До животните прилики е, а не до
сакањето/морањето.**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | 3 | | | 7 | | | | |
| 6 | | | 1 | 9 | 5 | | | |
| | 5 | 8 | | | | | 6 | |
| 8 | | | | 6 | | | | 3 |
| 4 | | | 8 | | 3 | | | 1 |
| 7 | | | | 2 | | | | 6 |
| | 6 | | | | | 2 | 8 | |
| | | | 4 | 1 | 9 | | | 5 |
| | | | | 8 | | | 7 | 9 |




## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000  Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април,
2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 3.03.2025 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN  2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .



| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Ш.Г. | Бразил. фудба-лер | Организ. кои живеат без кисл-лород | Река во Украина | Вид коњски од | Очен лекар | Виничко село |
| | | | | | | | Раздор | | | | | | |
| | | | | | | | Вулкан во Јапонија (на Хоншу) | | | | | | |
| | | | | | | | Старото име на Нин | | | | | | |
| | | | | | | | Воздух (лат.) | | | | Лени Кравиц / Гајтани | | |
| | | | | | | | Ли Ремик | | | Врарови Одметник / отпадник (лат.) | | | |
| Ш.Г. | Италијан. компо-зитор | Соли на уранската киселина | Наука за полжавите | Артисктка Савина | Група птици во лет | Францу-ски пи-сател | Пејачка Драгоевич Вид морски рак (мн.) | | | | | | Пејач Сакич |
| ***Артистка на фотосот*** | | | | | | | | | | | | | |
| Европска река | | | | | | | | Река во Нигерија / Улица (скр.) | | | | Сврзник / Област (тур.) | |
| Романски фудбалер Родион | | | | | | | | | Вид гас / Релација | | | | |
| Показна заменка | | | | Најука за ушите и нивните болести / Слично (скр.) | | | | | | | | | |
| Физича-рот Планк | | | | | Самогла-ска и сог-ласка / Милост (разг.) | | | Наша афирма-ција / Животно со боцки | | | Конак / Голема математ. заграда | | |
| Герман. конст-руктор | | | | | | | | | | | | | Рибо-ловци |
| Вид ста-рогрчки шешир | | | | Сели Филд / Машко име | | | Пејач Дасен / Река во Турција и Русија | | | Шкотс. физичар Џон / Казан | | | |
| Вокал | | Амер.арт. Кејт / Полет | | | | | | Кошарк. Пипен / Канал за наводн.во Средна Азија | | | | | |
| Јужно америк револу. Ернесто | | | | | | | | | Јадран. остров / Италија | | | | |
| Војво-дински тенисер Золтан | | | | | Токиски аеродром / Алпс. врв во Швај-царија | | | | | | | Ангстерм / Ербиум | |
| Наш фудбал. Илија | | | | | | | | | Брази. фудбалер / Првата буква | | | | |
| Инатење | | | | | | Вид украсна риба | | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

# СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ

*по најповолни цени...*



## НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22

www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA